Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

Влада на Република
Македонија
Министерство за труд и
социјална политика

Бр. 08- 2164/9
16 -04- 2013 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106212
Сајт: www.mtsp.gov.mk

До:
Министерство за информатичко општество и администрација
Скопје

Предмет: Извештај од спроведени консултации по однос на Предлог на Законот за заштита од вознемирување на работно место

Почитувани,

Согласно со член 8 од Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување на закони ("Службен весник на Република Македонија" бр.150/11), Министерството за труд и социјална политика, во постапката на подготовка и пред поднесување на Предлог на Законот за заштита од вознемирување на работно место, до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија, ве известува дека во предложениот текст на истиот се овозможи консултации на засегнатите страни преку ЕНЕР, односно истиот беше објавен на ЕНЕР од 25.03.2013-03.04.2013 година, заедно со образец број 1 - План за почетна процена на влијанието на регулативата и образец број 2 –Иницијалната проценка на влијанието на регулативата.

Со објавувањето беше овозможено сите засегнати страни да ги дадат своите мислење и коментари по Предлог на Законот за заштита од вознемирување на работно место.

Министерството за труд и социјална политика преку консултации на засегнатите страни преку ЕНЕР од страна на Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија на ден 03.04.2013 година, доби мислења, забелешки и предлози на предложениот нацрт текст на Законот за заштита од вознемирување на работно место.

На ден 08.04.2013 година Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија беше известен дека нивните

коментари и забелешки по однос на предлог законот ќе бидат детално разгледани од страна на надлежниот Сектор при Министерството за труд и социјална политика и истите ќе бидат интегрирани во рамки на Извештајот за спроведување на консултации со засегнати страни за нивно прифаќање или неприфаќње. Извештајот задолжително ќе се објави на ЕНЕР и дека за датумот на објавата на Извештајот за спроведени консултации со засегнати страни на ЕНЕР ќе бидете навремено известени.

Во однос на првата забелешка која се однесува на членот 3 од предлог законот дека се дава дефиниција односно објаснување за тоа што претставува психичкото вознемирување, а не и на сексуалното вознемирување и дека е потребно овој член да се дополни со уште еден став кој ќе содржи дефиниција и за сексуалното вознемирување. Ве известуваме дека оваа забелешката, за потребата од воведување на дефиниција и за сексуално вознемирување, истата е прифатена и во Предлог законот е утврдена дефиниција за полово вознемирување во член 3 со додавање на нов став 2.

Во поглед на втората забелешка со која сметате дека во ставот 2 од член 3 треба да се избрише или дополни согласно член 20 став 2 забелешката е прифатена и извршено е дополнување на член 20 став 2 со зборовите " по претходното писмено предупредување на вршителот на вознемирувањето". Ова со цел да се направи разграничување со случите од став 1 на истиот член. Односно во случаите од став 2 каде вознемирувањето може да биде од страна на работодавач или работоводен орган, со давање на можност без претходна постапка да се бара судска заштита, нецелисходно и ирационално е предвидување на претходна постапка за заштита од мобинг пред работодавач кој е вршител на вознмеирување на работно место , и затоа е предвидена судска заштита во ваквите случаи.

Третата забелешка се однесува на членот 9 став 2 од предлог законот во кои е наведено дека работодавачот во процесот на работа треба да обезбеди услови во кои работата ќе се врши во атмосфера за взаемно почитување, соработка, без непријателско, понижувачко или навредливо однесување, без притоа да се наведе кои се тие услови и како ќе ги обезбеди. Во однос на оваа забелешка сметаме дека одредбата од член 9 став 2 алинеја 2 е од превентивен карактер со цел преку создавање

на подобри услови за работа, подобра организација на работа и преземање на други законски мерки во врска со почитувањето на работниот ред и дисциплина, како и методот и начинот на работата, но и други мерки за унапредување и подобрување на работата кај работодавачот да се влијае на спречување на вознемирување на работно место. Условите за тоа претходно неможат да бидат предивдени и определени со закон, затоа што секој индивидуален случај на мобинг може да биде различен и да се остварува во различни услови.

Четвртата забелешка на членот 19 која предвидува писмено обраќање на вработениот или друго лице кое смета дека е изложен на вознемирување на работно место до лицето за кое смета дека му врши вознемирување, како услов за поведување на постапка за заштита од вознемирување на работно , согласно со законот. Сметаат дека ваквиот член ја оптоварува и одолговлекува постапката за заштита од вознемирување на работно место и спореден со член 20 став 2 е нејасно дали истиот е опционален или задолжителен, поради што сметаме дека истиот треба да биде избришан. Во поглед на ова ве известуваме дека забелешката на член 19 не се прифаќа од причини што секое однесување секогаш не треба и не мора да значи вознемирување на работно место. За да претставува вознемирување мора претходно да се спроведе определена постапка за да се констатира дали определено однесување претставува вознемирување на работно место. Исто така одредбата има за цел превентивно делување и спречување на натамошно однесување за кои може да се иницира и спроведува постапка за заштита од вознмеирување на работно место.

Петатта забелешка во однос на член 23 во алинејата 5 наместо зборот терети треба да стои зборот товари. Ве известуваме дека по однос на оваа забелешката ќе се утврди соодветен термин во предлог законот.

Шестата забелешка во однос на членот 37 од предлог законот со кои се определува товарот на докажување во судска постапка поведена поради вршење на мобинг. Ве известуваме дека во член 37 е регулирано дека товарот на докажување преминува на страна на тужениот во оној момент кога тужителот поднесените факти и докази ќе ги стори веројатни, а точниот момент кога ќе биде тоа ќе го утврди судот, а кое што ќе биде различно во секој индивидуален случај. Се очекува од судовите создавање на судкса пракса за случаите за мобинг и

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

дискриминација за преминување на товарот на докажување од тужителот на страна на тужениот.

Исто така, во целиот текст на законот терминот мобинг се заменува со терминот вознемирување на работно место.

Воедно, согласно член 4 од Упатството Министерството за труд и социјална политика ве известува дека Предлог на Законот за заштита од вознемирување на работно место., заедно со пропишаните прилози ги има објавено на веб страната на министерството.

МИНИСТЕР
Спиро Ристовски

Изработил: Елеонора Јовановиќ
Одобрил: Ленче Коцевска